# О П Ш Т И Н А   Г Е В Г Е Л И Ј А

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

4 февруари 2025 година, Гевгелија Број 2 Година 44

С о д р ж и на

18. Соопштение за организирање Општ јавен повик за Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија и Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија ------------------------------------------------------------------------------------------------------------- 03

18. Одлука за организирање Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и Јавна презентација и Јавна анкета за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029)------------------------------------------------------------------- 05

19. Решение за формирање на комисија за изготвување на Извештај од спроведена Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (планскипериод 2024-2029) ---------------------------------------------------------------------------------- 07

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-30/2**
**17.01.2025год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА**

**Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија**
**и**
**Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија**

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија изнесува 777.000,оо m2 односно 77,7 ha, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- на запад осовина на улица ,,7-ми Ноември,,
- на север улица ,,Новопланирана 8,, и улица ,,Новопланирана 3,,
- на исток улица ,,Борис Кидрич,,
- на југ Булевар ,,Гевгелија,,

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена

• А – домување - А2-Домување во станбени згради
• Б – комерцијални и деловни намени
• (А,Б) - комерцијална зона
• В - јавни институции - В4 - државни институции
• Г- производство, дистрибуција и сервиси - Г2- лесна индустрија - Г3- сервиси - Г4-стоваришта
• Д – зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори - Д2-Заштитно и сообраќајно зеленило
• Е – инфраструктура -Е1- комунална инфраструктура -Е2- комунална супструктура-бензинска пумпна станица со придружни содржини -Е3- некомпатибилна инфраструктура-трафостаница 110кВа.

Вкупната површина на планскиот опфат, што се применува при изработка на Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5), општина Гевгелија изнесува 40.211,оо m2 односно 4,02 ha, вклучувајќи ја и површината помеѓу регулационите линии одредени и површината до оските на сообраќајниците.

Границата на планскиот опфат ги има следните координати:

- од **север** опфатот е дефиниран по осовина на новопланирана сервисна улица “3” и по граници на катастарски парцели

- од **исток** опфатот е дефиниран по граница на катастарски парцели, по осовина на новопланирана сервисна улица “5” и новопланирана сервисна улица “1”
- од **југ** опфатот е дефиниран по осовина на Булевар ,,Гевгелија,,
- од **запад** опфатот е дефиниран по осовина на улица ,,Борис Кидрич,,.

Во предметниот плански опфат се предвидува зона за градби со намена

- Б – комерцијални и деловни намени
- Д – зеленило, рекреација и меморијални простори
- Е – инфраструктури.

**Стручната расправа** по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и **Јавната анкета** по Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) ќе се спроведе како обединета постапка со времетрање од **30 дена,** и тоа **од 05.02.2025 до 05.03.2025г.**

Во утврдениот рок за јавна анкета заинтересираните граѓани и правни лица како и државните органи и други институции на анкетни листови ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења по Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

Урбанистичките планови ќе бидат изложени на огласна табла во просториите на одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина при Општина Гевгелија, во информацискиот систем е-урбанизам и на web страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk. а информации за истите може да се добијат секој работен ден од 08.00 - 16.00 часот.

**Јавната презентација** со стручно презентирање на Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија и Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија во аналогна форма ќе се одржи **на ден 05.02.2025г. (среда) во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

**Јавната расправа** за Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) со која ќе се стави на увид и проверка пред широката јавност ќе се одржи **на ден 05.03.2025 година (среда) со почеток во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

**Стручната расправа** по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) ќе се одржи **на ден 13.03.2025 година (четврток) во 12.00 часот, во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

Стручната јавност може да ги достави своите забелешки, предлози и мислења по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034), најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-30/1**
**17.01.2025год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 33, член 49 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

## О Д Л У К А
**за организирање Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034)**
**и**
**Јавна презентација и Јавна анкета за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029)**

### Член 1

Со оваа Одлука во Обединета постапка се организира:

- Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа за Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и
- Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029), со графички приказ на планот и текстуален дел.

### Член 2

Стручната расправа со јавна презентација и јавна расправа од член 1 став 1 алинеја 1 ќе се спроведе по пат на јавна презентација во аналогна, односно хартиена форма со излагање на планот на јавно место и во дигитална, односно електронска форма со објавување на планот преку информацискиот систем е-урбанизам, на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, во електронски и печатени медиуми и на официјалните социјални мрежи на Општина Гевгелија, во времетраење од најмалку 30 дена од објавувањето, **од 05.02.2025 до 05.03.2025год.**

### Член 3

Јавниот повик до сите учесници на стручната расправа на планот од член 1 став 1 алинеја 1 на оваа одлука, во рок од три дена по влегување во сила на оваа одлука ќе се објави во писмена форма и во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам и на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk, најмалку 15 дена пред одржувањето на стручната расправа.

### Член 4

Учесниците во стручната расправа односно стручната јавност можат да ги предложат своите сугестии и забелешки по Нацрт планот од член 1 став 1 алинеја 1 најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа.

Времето и местото на одржување на стручната расправа на планот од член 1 став 1 алинеја 1 по пат на јавна презентација во аналогна форма ќе биде објавено со Соопштение со општ јавен повик.

Врз основа на стручната расправа, стручна комисија ќе изработи Извештај кој ќе содржи заклучоци со кои ќе се потврди прифатливоста и соодветноста на планските решенија.

Заклучоците од Извештајот на стручната расправа ќе се вградат во планот, а изработувачот на планот ќе изготви Извештај за постапување по забелешките на стручната расправа и истиот ќе го достави до донесувачот на планот.

Извештајот од стручната расправа и Извештајот за постапување по забелешките од стручната расправа се составен дел од Предлог планот опишан во член 1 став 1 алинеја 1.

**Член 5**

Јавната расправа по однос на Нацрт планот од член 1 став 1 алинеја 1 ќе се стави на увид и проверка на широката јавност по одржувањето на јавната презентација, а најмалку 7 дена пред одржување на стручната расправа.

За времето и местото кога ќе биде организирана јавната расправа ќе биде објавено Соопштение со општ јавен повик за учество во јавната расправа.

**Член 6**

Јавна презентација на Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) опишан во член 1 став 1 алинеја 2 од оваа одлука ќе се спроведе со излагање на планот **на ден 05.02.2025 година во 12.00 часот во малата сала на Народниот театар во Гевгелија.**

Јавната анкета ќе биде со времетраење од најмалку 30 дена, т.е **од 05.02.2025 до 05.03.2025 година.**

**Член 7**

За спроведената јавна презентација и јавна анкета за Нацрт планот од член 1 став 1 алинеја 2 се изготвува Извештај за прифатените и неприфатените забелешки.

Извештајот од став 1 на овој член го изготвува стручна Комисија формирана од Градоначалникот во рок од 5-60 дена.

**Член 8**

Заинтересираните физички и правни лица можат своите забелешки и предлози за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029) да ги достават до Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на анкетни листови преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на донесувањето а се објавува во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-30/3**
**17.01.2025 год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 62 став 1 алинеја 14 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на комисија за изготвување на Извештај од спроведена Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029)**

1. За изготвување на Извештај од спроведената Стручна расправа и Јавна презентација со Јавна расправа по Нацрт Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и спроведената Јавна презентација и Јавна анкета за Нацрт Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029), се формира стручна Комисија составена од 5 (пет) члена.

2. Во комисијата се именуваат:

- **Ирена Томчева**, дипломиран инженер архитект – стручно лице вработено во општинската администрација,
- **Елена Колев**, дипломиран инженер архитект – стручно лице вработено во општинската администрација;
- **Панче Киров**, дипломиран инженер архитект – претставник на изработувачот на планот и носител на Овластување за изработка на урбанистички планови бр.0.0330;
- **Александра Александрова Кирова**, дипломиран инженер архитект –претставник на изработувачот на планот и носител на Овластување за изработка на урбанистички планови бр.0.0543;
- **Митко Павлов**, дипломиран инженер архитект – надворешен член, стручен работник од областа на урбанистичкото планирање и носител на Овластување за изработка на урбанистички планови бр.0.0686.

3. Извештајот од точка 1 на ова решение за постапување по забелешките од стручната расправа за Измена и дополна на Генерален урбанистички план за Блок 10, општина Гевгелија (плански период 2024-2034) и образложение за прифатените и неприфатени забелешки од јавна анкета за Измена и дополна на Детален урбанистички план за дел од Блок 10 (дел од Блок 10.5) КО Гевгелија, општина Гевгелија (плански период 2024-2029), да се достави до изработувачот на планот заради постапување согласно одредбите за Законот за урбанистичко планирање.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Гевгелија".

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

***СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", Излегува по потреба***
***Уредува и издава: Општина Гевгелија-Одделение за правни работи.***
***Ул. ,,Димитар Влахов" бр. 4 Гевгелија***